РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA
Бр. 11-1199/1
10-05-2023 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

**Сектор за финансиски прашања**

# ПЛАН

# ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФИНАНСИСКОТО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

(методологија за спроведување на планот)

Секторот за финансиски прашања

**Раководител**

**Катерина Симеонова**

**ДИРЕКТОР**

***Стојанче Ангелов***

***Мај 2023 година***

## ВОВЕД

Со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/09, 12/11, 188/13, 192/15 и 147/17 ) се пропишува обврската за воспоставување на финансиско управување и контрола во сите субјекти вклучително и Центарот за управување со кризи (во понатамошниот текст Центарот).

Системот на внатрешни финансиски контроли, пропишан со законот, е сеопфатен систем на финансиски и други контроли воспоставен од раководителот на субјектот **со цел успешно управување и остварување на задачите на субјектот.**

Системот на внатрешни финансиски контроли кој е потребно да се воспостави и развие во рамките на Центарот за управување со кризи се состои од две компоненти:

- финансиско управување и контрола и
- внатрешна ревизија

Планот се однесува на активности кои Центарот треба да ги воспостави и развие заради поквалитетно остварување на поставените задачи и цели.

Согласно одредбите на член 3 точка 3 од Законот, **финансиското управување и контрола** е систем на политики, процедури и активности воспоставени од раководителот на субјектот, со цел да се обезбеди разумно уверување дека целите на субјектот се остварени.

Тој систем ги опфаќа сите трансакции, а посебно оние кои се поврзани со приходите/примањата, расходите/издатоците, јавни набавки и склучување договори, враќање на погрешно уплатени износи, средства и обврски. Системот на внатрешни контроли го спроведуваат раководителите и сите вработени.

Целта за воспоставување на финансиско управување и контрола, е подобрување на финансиското управување и одлучување заради остварување на општите цели, како што се:

- извршување на работите на правилен, етички, економичен, ефикасен и ефективен начин,
- усогласеност на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките,
- заштита на имотот и другите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување, неоправдано трошење и користење, како и неправилности и злоупотреби,
- јакнење на одговорноста за успешно остварување на задачите,
- правилно евидентирање на финансиските трансакции и
- навремено финансиско известување и следење на резултатите од работењето.

Системот на финансиско управување и контрола, во еден дел, се однесува на внатрешните контроли вградени во работните процеси со цел да се спречат незаконски, неправилни, неекономични, неефикасни и неефективни одлуки и постапки. Контрола е секоја работа која ја превзема секој раководител, со цел намалување на негативните последици од ризикот и зголемување на веројатноста дека поставените цели ќе се остварат.

Системот на финансиско управување и контрола се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа на Центарот, а ги опфаќа сите средства на буџетот, вклучувајќи ги и средствата од Европската унија и останати денации.

Со воспоставувањето на системот на финансиско управување и контрола се пропишува начинот на одвивање на работните процеси и утврдување на тоа кој е одговорен за спроведување на поединечните активности во процесот и роковите во кои е потребно да се спроведат како и преглед на контролите кои се воспоставени во одреден работен процес. Тоа од една страна обезбедува транспарентност на работењето, односно одвивањето на работните процеси, а од друга страна покажува кои контроли се воспоставени, а кои контроли треба да се воспостават во иднина, заради остварување на целите и подобрување на работењето.

За изработка на Планот е задолжен раководителот на Сектор за финансиски прашања.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања е одговорен за воспоставување, спроведување и развој на финансиското управување и контрола во рамките на Центарот, како и за

донесување на овој план, кој го одобрува, односно дава согласност директорот.

За следење на остварувањето на овој план се задолжува Раководителот на Секторот за финансиски прашања и работната група за координација на активности поврзани со воспоставувањето на системот за финансиско управување и контрола во Центарот, која е потребно да го следи спроведувањето на активностите утврдени во овој план како и следење на развојот и унапредувањето на овој систем. Работите за координација и спроведување на поединечните активности утврдени во планот за воспоставување на финансиско управување и контрола, ќе ги спроведат лицата кои се за тоа задолжени.

Исто така овде е потребно да се нагласи дека еднаш воспоставениот систем на внатрешни контроли не е конечен, туку е потребно постојано да се проценува и развива поради поефикасно остварување на задачите и целите на Центарот.

## 1. СЕГАШНА СОСТОЈБА

Со Правилникот за внатрешна организација и работа на Центарот бр. 01-2124/1 од 05.08.2015 со последна измена бр. 01-4407/1 од 17.12.2021 година и Правилник за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи бр. 01-2125/1 од 05.08.2015 година со последна измена 01-541/1 од 22.02.2023 година е утврдена внатрешната организација на Центарот со организациони единици, нивната рамка и начин на управување.

Во Правилникот меѓу другото се опишани основните работи и работни задачи, на вработените во Центарот, и условите потребни за нивно извршување.

Работните процеси кои произлегуваат од надлежноста на Центарот се опишани и утврдени во претходно споменатите акти.

Активностите кои се однесуваат на процесот на набавка, за што во Центарот во 2022 година се потрошени 25.783.247 денари и 2.057.112 денари по основ на донации или вкупно 27.840.359 денари (без трошоци за плати, патни и дневни трошоци во земјата и странство, електрична енергија, водовод и канализација, централно греење и ѓубретарина), детално се пропишани со Законот за јавни набавки и во нивното спроведување, во целост, Центарот се придржува на законските одредби, одредбите од подзаконските акти и интерните процедури.

Во случај на нови вработување во Центарот во целост се применуваат законите и подзаконските акти со кои се регулира оваа област.

При планирањето и трошењето на буџетските средства во целост се применува законите и подзаконските акти со кои се регулира оваа област.

Иако, согласно горенаведеното, многу од активностите се опишани и одредени на начин како се спроведуваат, ја имаме предвид потребата за подетално опишување на значајните работни процеси како и проценка на сите работи, односно работни процеси од наша надлежност. Со оглед на тоа, со овој План ќе се одредат рокови во чии рамки ќе се извршат одредени активности поврзани не само со проценката и описот на работните процеси, туку и со самопроценка на системот на финансиско управување и контрола, со проценка и управување со ризици, воспоставување на контрола и друго.

Секторот за финансиски прашања како посебна организациона единица е формирана во 2012 година, со тогашниот Правилник за внатрешна организација и работа на Центарот и Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за управување со кризи. **Во моментот, во Секторот за финансиски прашања се испразнети сите работни места во Одделението за буџетска контрола (со овластување функцијата на одделението ја врши помошник раководителот на Секторот за финансиски прашања), а нема и Раководител на Одделение за сметководство и плаќања и помлад соработник за пресметка на плати. Во Одделението за буџетска координација и Одделението за јавни набавки се испразнети сите работни места освен раководителите на овие одделенија. Недостигот на наведените кадри во Секторот значително го доведува во прашање нормалното функционирање на Секторот и воопшто на Центарот за управување со кризи во наредниот период.**

На 15.12.2010 година назначено е лице задолжено за неправилности, а од 2010 година, па наваму во континуитет постои лице кое е задолжено за неправилности, кое известува за неправилностите и сомнежите за измама или корупција и самостојно презема активности против неправилностите и измамите.

Во текот на месец мај 2022 година, Центарот изготви Годишен извештај за системот на финансиско управување и контрола во кој кратко е објаснето што и како е направено во делот на организационото воспоставување на истиот. Во извештајот се опишани претходните контроли како и дополнителните контроли кои ќе ги спроведе Центарот, а исто така спроведена е и самопроценка на финансиското управување и контрола. Годишниот извештај доставен е во законскиот рок до Министерството за финансии, односно Централната единица за хармонизација (ЦЕХ).

Со Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи се одредени визијата, мисијата и клучните работни цели на Центарот и организационите единици.

- **Визија на Центарот за управување со кризи**

Центарот е насочен кон изградба на Систем за управување со кризи, со респектабилни капацитети и способности, втемелен на висока професионалност, посветеност и подготвеност на поединците и субјектите кои го чинат истиот, со цел обезбедување на оптимални услови за безбедна животна и работна средина, како и услови за економски и социјален просперитет на државата.

- **Мисија на Центарот за управување со кризи**

Мисијата на Центарот се состои во обезбедување на постојано ниво на комуникација, координација, консултации и меѓуресорска размена на податоци, во функција на подготвеност и интероперабилност на субјектите што се дел од системот за превенција и рано предупредување од ризици и опасности кои можат да предизвикаат одредени катастрофи и кризни состојби, како и да обезбеди координирано справување и надминување на последиците од настани и појави кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, природните, материјалните и културните добра и општата безбедност на Републиката.

- **Стратешки приоритети на Центарот за управување со кризи**

- Целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи, во сегментот на мониторинг и процена на ризици, превенција и рано предупредување; воспоставување на целосно функционален систем за известување и тревожење.

- Подобрување на континуитетот како и подобра интегрираност на Кризниот менаџмент следејќи ги новите политики на ЕУ презентирани преку Комесарот за кризен менаџмент.

- Справување со дезинформации со приоритетна цел намалување на импликациите предизвикани од дезинформации во јавноста.

- **Задачи и обврски на Центарот за управување со кризи**

1. Во наредниот среднорочен период Центарот има задачи и обврски да презема активности во извршување на работите кои се однесуваат на:

2. Надградба на системот Е-112 со втора фаза која подразбира целосно заокружување на Европската регулатива со овој број, со која се предвидува сите мобилни фиксни и кабелски оператори да овозможат бесплатно доставување на СМС пораки и соопштенија до сите граѓани кои би се нашле на одредена територија во која се очекува голема опасност.

3. Измена на Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности, нејзина содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи накои им се доставува целосна или извод од процената

4. Продолжување со активности за проширување и надградба на Македонски информативен

систем за шумски пожари (МКФФИС)

5. Одржување и надградба на Веб платформа "Е-процена"

6. Модернизација на постоечкиот УКБ радио систем за известување кој ќе биде во поддршка и на Е-112 и на системот за јавно тревожење со што ќе се заокружи комплетното потребно телекомуникациско решение на ЦУК.

7. Воспоставување и функционалност на Центар за обука, во рамки на Центарот за управување со кризи, кој ќе организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и сите учесници во Системот за управување со кризи, со цел подигање на нивната обученост, знаење и вештини за извршување на секојдневните задачи.

8. Комуникација и координација со субјектите во СУК во справување со прогласени кризни состојби

9. Отворање на канцеларии во ТПЦ Винојуг - Гевгелија и ТПЦ Табановце - Куманово како специјализирани центри - сервиси за жени жртви на родово базирано насилство.

10. Упатување на 2 претставници на ЦУК во Делегацијата на РСМ при НАТО во Брисел, земајќи предвид дека Центарот за управување со кризи е носител на активностите од соработката со НАТО – ЦЕПЦ (Комитет за планирање на цивилни итни состојби) како и за размена на информации со ЕАДРЦЦ

11. Надградба на ВЕБ страната на ЦУК и сите други медиумски платформи, опремување со современа дигитална видео, аудио и фото опрема.

## 2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во наредниот период потребно е да се преземат следните активности:

- Назначување на административни службеници на упразнетите клучни работни места во Секторот за финансиски прашања;
- Сертифицирање на системот за управување со квалитет согласно стандардот ИСО 9001:2015;
- Анализа на потребните и постојните контроли;
- Донесување на План за отстранување на слабостите на контролата; и
- Изготвување на Годишен извештај за воспоставување на системот на финанскиско управување и контрола.
- Изготвување книга (мапа) на процесите;

Во текот на 2015 и 2016 година, во соработка со избрана консултантска куќа извршен е попис на најважните работи кои се одвиваат во Центарот, изработка на ревизорска трага за истите и изработка на книга (мапа) на најважнитеработни процеси врзани со највисоки ризици во работењето.

### Процена и управување со ризици

Ризикот се одредува како можност за случување на некој настан кој може неповолно да влијае на остварувањето на целите. Управувањето со ризиците е сеопфатен процес на утврдување, проценување и следење на ризикот, земајќи ги во предвид целите на Центарот и преземање на потребни мерки со цел намалување на ризикот. Значи, проценката на ризикот ќе опфати одредување на целите на работењето, можните ризици кои влијаат на нивното остварување, ќе се спроведе нивно оценување во однос на веројатноста за случување и важност на последиците и воспоставување на соодветни мерки за управување со ризиците.

За да може проценката на ризиците да се спроведе, односно да се овозможи управување со нив, вработени во Центарот учествуваа на обука организирана од страна на консултантска куќа.

Како резултат на процесите за проценка на ризикот во текот на 2015-тата година од страна на Директорот на Центарот донесена е Стратегија за управување со ризиците, заедно со Регистарот на ризици како составен дел од истата.

**Наоди и препораките на внатрешната ревизија**

Во Центарот за управување со кризи е испразнето работното место за внатрешен ревизор и по тој основ нема наоди и препораки на внатрешната ревизија

**Активности кои се планираат да се преземат со цел решавање на наодите и препораките од Државниот завод за ревизија**

Државниот завод за ревизија во 2014 година во Центарот за управување со кризи изврши ревизија на процесот "Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија". Со извршената ревизија беа утрдени некои слабости во процесот на извршување на активности поврзани со системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија. За наведените слабости Државниот завод за ревизија издаде конечен ревизорски извештај со кој даде препораки за постапување односно реализација. Препораките во најголем број се реализирани, а останатите се во тек. Препораките кои се во тек не се реализирани пред се поради неодобрување на побараните парични средства од страна на Министерството за финансии со Буџетот на Република Македонија во изминатиот период.

Од позначајните активности кои мора да се преземат во наредниот период се наведуваат следните:

**Анализа на потребните и постојните контроли**

По составувањето на регистарот на ризици и одлуките за воведување на контролни активности како одговор на ризиците, во Центарот воспоставени контроли кои одговараат на потребните. Значи по составувањето на прегледот на воспоставени контроли постојано се има во предвид и потребата за дополнителни контролни активности кои можат да бидат воспоставени како:

- Претходни контроли (ex ante)
- Дополнителни контроли (ex post)

Освен контролите кои се „вградени" во работните процеси, директорот може да назначи лице, финансиски контролор, кој ќе спроведува претходна контрола за оние работни процеси и трансакции кои се изложени на поголем ризик или кои се позначајни за субјектот.

Финансискиот контролор е лице кое ја проверува законитоста, економичноста, ефикасноста и ефективноста на работните трансакции пред извршувањето на конечните одлуки, склучените договори или спроведување на други трансакции. Значи назначувањето на финансиски контролор е само еден облик на контрола за чие назначување одлучува директорот земајќи ги во предвид потребите и специфичностите на работењето на Центарот.

Покрај тоа директорот може да назначи и лица кои ќе спроведуваат дополнителни контроли, односно контроли кои се спроведуваат по извршувањето на работните трансакции. Дополнителна контрола не може да спроведува лице одговорно или вклучено во спроведување на претходна контрола.

**План за отстранување на слабостите на контролата**

По одлуката за воведување дополнителни контролни активности Раководителот на Секторот за финансиски прашања ќе донесе План за воспоставување на дополнителни контроли со кои ќе се предвиди работата која е потребна да се преземе за да се воспостават потребните контроли, односно отстранат контролите кои се евентуално непотребни.

**Годишен финансиски извештај**

Директорот на Центарот ја известува ЦЕХ во Министерството за финансии, за функционирањето, ефективноста и ефикасноста на финансиското управување и контрола. Раководителот на Секторот за финансиски прашања е должен да подготви Годишен финансиски извештај за активностите поврзани со воспоставување и развој на системот на финансиско

управување и контрола, кој по одобрување од раководителот, го доставува до Централната единица за хармонизација до 10 мај тековната година, за претходната година.

**Обука на лицата вклучени во финансиското управување и контрола**

Сите лица вклучени во финансиското управување и контрола потребно е да бидат обучувани континуирано за да стекнат одредени знаења за воспоставување и развој на системот на финансиско управување и контрола, бидејќи без правилна обука, системот би можел да се развие во непосакуван правец. Директорот и Раководителот на Секторот за финансиски прашања ќе бидат одговорни за обезбедување на обуките на вработените, преку Одделението за управување со човечки ресурси, кои ќе бидат организирани од надлежните институции.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

Во продолжение е даден преглед на активностите кои треба да се спроведат за да се воспостави и развие системот на финансиско управување и контрола, роковите во кои треба да се спроведат, лицата одговорни за спроведување на активностите, како и роковите во кои се спроведени.

ПЛАН ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА
ВО ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

| | | А К Т И В Н О С Т И | ОДГОВОРНОСТ | РОК | ИЗВРШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| I. ОРГАНИЗА-ЦИСКО ВОСПОСТА-ВУВАЊЕ | 1 | Назначување на координатор за управување со ризици | Директорот на ЦУК | 30.06.2023 година | |
| | 2 | Назначување на административни службеници на клучни непополнети работни места во Секторот за финансиски прашања | Директорот на ЦУК | 30.06.2023 година | |
| | 3 | Именување лице (повереник) за етика | Директорот на ЦУК | 30.06.2023 одина | |

| | | А К Т И В Н О С Т И | ОДГОВОРНОСТ | РОК | ИЗВРШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| II. РАЗВОЈ НА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА | 4 | Ажурирање на Стратегијата за управување со ризиците | Раководители на Сектори,<br>Раководители на одделенија<br>Директор на ЦУК | Тековно | |
| | 5 | Анализа на потребните и постојните контроли | Раководител на Секторот за финансиски прашања и работната група за координација на активности поврзани со воспоставуњето на финансиското управување и контрола | Тековно | |
| | 6 | Донесување на План за отстранување на слабостите на контролата | Раководител на Секторот за финансиски прашања | Тековно по поединечната анализа на потребните и постојните контроли | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 7 | Следење и преглед на напредокот (План за воспоставување на потребните контроли) | Раководител на Секторот за финансиски прашања | По потреба | |
| | 8 | Изготвување Годишен извештај за воспоставениот систем на финансиско управување и контрола | Директорот на ЦУК<br>Раководител на Секторот за финансиски прашања | 10.05.2023 година | |
| | 9 | Обука на лицата вклучени во финансиското управување и контрола | Директорот на ЦУК<br>Раководител на Секторот за финансиски прашања | Тековно | |
| | 10 | Утврдување/ажурирање ризиците кои можат да влијаат на реализирањето на стратешките цели | Директорот на ЦУК<br>Лицето одговорно за координирање на воспоставувањето на процесот за управување со ризици | 30.09.2023 година | |
| | 11 | Воспоставување систем за известување за најзначајните ризици | Директорот на ЦУК<br>Лицето одговорно за координирање на воспоставувањето на процесот за управување со ризици | 30.09.2023 година | |
| | 12 | Сочинување на пишана процедура за уредување на постапката на спроведување на дополнителни контроли | Директорот на ЦУК<br>Лицето одговорно за координирање на воспоставувањето на процесот за управување со ризици | 31.10.2023 година | |

Подготвил: Катерина Симеонова

**ДИРЕКТОР**

***Стојанче Ангелов***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA SHKUP * 1